# старец Софронијː

58.
Ништо не е поболно од тоа некој да има љубов Христова во овој свет. Тоа е борба со вселенски размери.

59.
Како да чекориме кон Бога? Кога се стремиме кон оваа единствена цел, сè друго станува извор на страданија и болка. Сепак, го носиме овој крст молчејќи.

60.
Еве го парадоксот на христијанскиот живот: избирајќи ги страданијата Христови заради спасение на светот, ние сме поблизу до Него и до вечниот живот.

61.
Кога ќе решиме да Го следиме Христа, секој ден од нашиот живот станува ден на страданија, на солзи и на болка. Одвреме навреме се раѓа прашањето: ‘Господи, зошто нè создаде вака, та мора да поминеме низ толку страданија?’ Немоќни сме да сфатиме дека овој горчлив опит е патот на спасението.

62.
Постоењето на земјата за човекот е болка без крај. Зошто го поднесуваме сето ова? Затоа што Создателот дојде и се насели меѓу нас. И сега, Го познаваме лично.

63.
Создадени сме според образ и според подобие Божјо. Кога ја споредуваме стварноста на секојдневниот наш живот со ова Божјо откровение, паѓаме во безнадежност. Зошто е толку тешко да дејствуваме овде и сега како христијани? За нас, кои произлеговме ни од што, каква врска постои помеѓу нашата незначителност, нашата ограниченост, и оваа толку возвишена и бесконечна цел?

64.
Подвигот на спасението некогаш може да биде многу едноставен и познат, другпат, пак, многу сложен, над секоја човечка сила.

65.
Сигурно е подобро да не направиме грев. Но, кога покајанието е огнено, тоа може да надомести секаква загуба.

66.
Должни сме да го зачуваме духот на покајанието во текот на целиот наш живот, до кончанието. Покајанието е основа на секој аскетски духовен живот. Чувството, претчувството на гревот може да се заостри толку многу во нас, така што да роди навистина длабоко покајание.

# ДУХОВНИ ПОГЛАВЈА

67.
Можеме да плачеме часови, недели, години редум, сè додека нашето битие не се преро- ди целосно од Словото Христово, од Неговите заповеди и пред сè од благодатта на Светиот Дух. Ова преобразување на нашето битие, по падот Адамов, бара многу усилби и многу време.

68.
Покајанието нема крај овде на земјата, затоа што крајот на покајанието би значел дека постанавме во сè слични со Христа. И најмалата разлика помеѓу Христа и нас, бара длабоко покајание: *Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј нè*. Ова слово го искажува растојанието што го чувствуваме меѓу Него, совршеното и вечно Битие, и меѓу нас. *'Ако навистина, не сме во сè подобни на Господа, како можеме да бидеме вечно со Него?'*, се запрашува Свети Симеон Нов Богослов. За него, како и за нас, тоа е невозможно. Не ни останува ништо друго освен трпение.

69.
Луѓето сами од себе не можат да разберат дали прават грев или не. Само Господ и Светиот Дух им го откриваат тоа. Во рајот, кога Исус Христос зборуваше со Адама, тој одби да се обвини себеси: *Ти ми ја даде оваа жена, и таа ми даде да јадам од овој плод*. Да се обидеме да не Го обвинуваме Бога!



70.
Во малите работи, во едноставните постапки, да се обидеме да го зачуваме следниов внатрешен став: се одрекувам од волјата на паднатата моја плот; сакам во моите вени да тече животот на Самиот Бог!

71.
Штом Бог постои, признавам дека сите грешки произлегуваат од мене, а не од Него. Ако усвојам еден таков став, Бог ќе ми даде дух на покајание.

72.
Кога Го гледаме Христа Каков што Е, почнуваме да се гледаме самите себеси, да се освестуваме колку големи и бедни грешници сме, и да заплачеме за себеси. Љубовта за целиот свет се раѓа според мерата на нашиот плач. Престануваат поделбите! Сите сме едно во Христа!

73.
Само кога ќе нè просветли светлоста Христова, можеме да ги согледаме нашите гревови. Преку молитвата срцето почнува лека-полека да ги опфаќа дејствувањата на духовите што го исполнуваат светот. Наместо да напредуваме, ги гледаме со сè поголема јаснотија страстите што нè обземаат. На парадоксален начин ова чувство на ненапредување е напредок. Макар и сè уште да не сме ја виделе нессоздадената Светлина Божја, низ неа ги гледаме нашите гревови.

# старец Софрониј:

74.
Не можеме да стекнеме чиста молитва, освен преку покајание! Кога се каеме, значи кога се чистиме од секоја гревовна страст, лека-полека стануваме способни да навлеземе во Божествената Светлина.

75.
Патот кон познанието на Бога најпрвин поминува низ верата, низ љубовта и низ покајанието.

76.
Да ви го даде Бог на сите духот на покајанието! Плачете за вашите согрешенија, плачете за да не се исуши вашето срце!

77.
Најосновна работа е секогаш да го имаме познанието за нашата несовршеност пред Бога. Тогаш влегуваме во постојана напрегнатост помеѓу самоукорувањето и љубовта Христова, помеѓу покајанието и надежта во милоста Божја. Од една страна живееме во страдание, зашто сме толку далеку од Бога Кого Го љубиме. Од друга страна пак, ова страдание и оваа љубов дејствуваат како внатрешен оган и силно нѐ придвижуваат кон Бога. Оваа напрегнатост го најде својот најостар израз во Словото Христово кај Старец Силуан: *Држи го својот ум во пеколот и не очајувај!* Ова слово може да предизвика страв, ужас и паника, но не треба да нѐ скрши. Тоа е основното начело на нашиот, во Христа живот.

78.
Како можеме да бидеме постојано во огнот на пеколот и на страстите, а истовремено од Светиот Дух да примаме сведоштво за нашето спасение! За ова нѐ просветлува внатрешната состојба Христова на Голгота. Првин, му вели на разбојникот: *Денес ќе бидеш со Мене во рајот*. Подоцна вели: *Зошто ме остави?* Овие два моменти не прават ништо друго освен еден момент. Во различни форми, оваа состојба Христова на Голгота секогаш е присутна во човекот и ја преобразува самата содржина на неговиот живот. *Да се радуваме со радосните и да плачеме со тажните* - вели Апостол Павле. За нас овие зборови се непоимливи.

79.
Не треба да тврдиме дека го повторуваме опитот на Свети Силуан, на Свети Исаак Сирин, Свети Симеон Нов Богослов, Свети Григориј Палама или Свети Серафим Саровски. Во духовниот живот не постои истоветно, идентично повторување, туку едноставно истоветност на Духот во обем во кој се исполнува словото: *Држи го својот ум во адот и не очајувај!*

80.
Никогаш не треба да се споредуваме себеси со ниедна личност! Секој од нас, колку и да е малечок, голем е пред Вечниот. Бог со секое човечко битие остварува срдечна и единствена врска.

81.
Од која причина последиците од непослушноста Адамова се толку погубни? Зошто духовниот во Христа живот во овој свет зема трагична форма на борба гради во гради со смртта? Зошто созданието Божјо е поврзано со ова одрекување, смртта, со оваа борба полна со болка? Зошто сѐ што е создадено не води хармонично кон восовршување на човековото битие како образ Божји? Зошто сум должен да се борам против нешта што ме убиваат, без да имам сила за тоа? Не разбирам! Во мерата во која Христос и Светиот Дух се за мене решение на сите проблеми што ги надминуваат моите сили, живеам во незнаење или во познание на многу нешта. Христос е темел на мојот живот! Начинот на кој дејствува ме привлекува. Не го разбирам тоа што го рече, но реченото сосема ми е доволно. Ќе разберам кога ќе заминам од овој свет во одонденстраното.

82.
Зошто Гетсиманија и Голгота се неопходни за спасението на светот? Судирот на Христа со светот е наполно непоимлив!

